Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-3859
19-04-2022 20 год.
СКОПЈЕ

**ПРЕДЛОГ**

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје на 8-та редовна седница одржана на 19.04.2022 година, расправајќи за потребата од измена и дополна на Статутот на ГД Гранит АД СКопје, согласно член 57 од Статутот на Друштвото, ја утврди и му предлага на Собранието да ја усвои следнава

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Статутот на ГД Гранит АД Скопје**

I. Во Статутот на ГД Гранит АД Скопје се врши измена и дополнување и тоа:

1. Во Член 54, по став 5 се додава нов став кој гласи:
"Доколку Претседателот на Надзорниот Одбор не е независен член, еден од независните членови на Надзорниот Одбор се именува за заменик претседател"

2. Член 78, став 2 се менува и се додава нов став 3.
Во став 2 по зборовите „вредност и стока." речениците се брише.

Се додава нов став 3 кој гласи:

„Надзорниот Одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластени ревизори или стручни лица, како и да формира комисии кои ќе му помагаат во извршувањето на неговите задачи и се грижи тие да имаат состав и ресурси потребни за ефективно извршување на нивната улога. "

Став 3 станува став 4, а став 4 станува став 5.

II. Се задолжува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на ГД Гранит АД Скопје.

III. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 137 и 140 од Статутот на Друштвото, Управниот одбор го поднесува овој предлог за измени и дополнувања во содржината на Статутот на ГД Гранит АД Скопје, заради усогласување со ново донесениот Кодекс за корпоративно управување на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје и Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

Имено, измените се потребни со цел да создадат правно нормативни услови на делување на Друштвото, кои ќе бидат во се усогласени со добрите меѓународни корпоративни практики.

Претседател на Управен Одбор

Страшо Милковски

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје

Доставено до:
-Собрание на акционери
-Надзорен Одбор
-Сектор за ПКОР
-Архива